# 396. НЕВЕСТО ЦРВЕН ТРЕНДАФИЛ




- Невесто црвен трендафил, џанам,
сега си дојдов од гурбет,
што ти је лице црвено,
што ти је елек раскопчан?

- Стојане море стопане,
децата ми пораснале,
бело ми лице љубеле,
и елек ми раскопчале.

- Невесто црвен трендафил,
што ти је соба послана,
што ти је соба послана,
што ти је шише ракија?

- Стојане море стопане,
утре је света недела,
затоа соба послана,
затоа шише ракија.

- Невесто црвен трендафил,
што ти је она зад врата,
со бело капче на глава,
со тенка пушка на рамо?

- Стојане море стопане,
лагите ми се стршија.
Прво ме мене отепај,
после го него заколи.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995